АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 17-02-2016 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1001 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 21 јануари 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 17 февруари 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма на телевизија);

- **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот);

- **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

- Нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, емитуван на 21 јануари 2016 година, **е констатирано прекршување на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврска дневно да емитува најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија македонски јазик).

Со надзорот е констатирано дека на 21 јануари 2016 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје емитуваше 10 часа 48 минути и 36 секунди програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик, што е **45.45%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (23 часа 47 минути). Законскиот минимум од 50% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 21 јануари што влегува во пресметка за изворно создадена програма (23:47:00), е 11 часа 53 минути и 30 секунди. Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје емитуваше за 1 час 4 минути и 54 секунди помалку изворна програма од тоа време.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, на 21 јануари 2016 година, не емитуваше најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот, постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***